**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**Defence for Children's Rights (DCR)**

---

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 2023 ГОДИНА

Годишниот извештај на здружението за Заштита на правата на детето ги содржи своите достигнувања во 2023 година. Од остварените резултати со голема посветеност и успешност се остварија зададените цели од годишната програма за 2023 година. Својата визија и мисија ги оствари преку директната работа со своите корисниците на услугите (сервиси), застапување за промени на политики и пракси, анализи и истражувања, и медиумска застапеност и видливот како на организацијата така и на Дневниот центар за деца на улица.

На 16.05.2023 година примивме непријатно известување од страна на директорот на Здрвствен Дом Скопје, г-дин Виктор Исијановски, кој поради петиција од страна на трите граѓански организации, креатори на иницијативата: Здружение за развој и унапредување на ромската заедница – Романо Чачипе од Шуто Оризари, Скопје; Иницијатива за развој и инлкузија на заедниците – ИРИЗ од Шуто Оризари, Скопје и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ од Скопје кои бараат функционална Поликлиника во Шуто Оризари и да се ослободат просториите во кои сега е сместен Дневниот Центар и да се пренаменат во ординации со матични лекари, пункт за итна медицинска помош, специјалности: интерна медицина, дерматовенерологија, неврологија и ортопедија, радиодијагностичка дејност (Рентген дијагностика) итн. што не се издржани и реални барања. На состанокот кој се одржа на 17.05.2023 г. со директорот на Здравствениот Дом Скопје на кој присуствуваа претседателот на ЗПД проф.д-р Оливер Бачановик, г-ѓа Ангелина Бачановиќ и координаторот на Дневниот центар за деца на улица, Ирена Велкоска, беше постигнат договор, Дневниот Центар да ги користи просториите, но по можност да се ослободи еден дел за дежурната служба. Но, на 19.09.2023 година, по состанокот со раководителот на дежурната служба, д-р Милица Бубало и одговорното лице од Поликлиниката Чаир, одлучуваат наместо една просторија, да им се отстапи целиот простор во најскоро време. И по нашите инсистирања и барања, да продолжиме да ги користиме просториите, се одлучува да на 1-ви декември им ги ослободиме и предадеме.

Во вакви околности, на предизвици и закани, кога претходеше одземање на време и енергија за барање на соодветни простории, селење и адаптација на новиот простор согласно критериумите од Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и рентеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребна документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација, а притоа тековно и секојдневно се одвиваа активноститете со корисниците и нивните семејства.

Вистински пресврт и во наративот за интезивна соработка и комуникација со сите чинители за да се пресретнат сите предизвици. Работењето под притисок ја демонстрираше силата и моќта на нашиот тим да се справи со истата при што се истакна сплотеноста на тимот, се зајакна и се унапреди тимската работа. Некогаш останувавме и без енергија и здив ама никогаш не престанавме да веруваме дека можеме, особено кога се работи со најранливите во општеството.

Комитетот на ЗПД беше активен во целата годината. Иницираше, координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на доброто работење на Здружението и на Дневниот центар, и неговата актуелност. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на негово афирмирање и презентирање, ја нуди својата помош во дефинирањето на што подобра форма на работење, давајќи придонес кон создавање белег за организацијата како пример за добро, успешно и одговорно работење. Согласно задолжувањата од страна на Министерство за труд и социјална политика за успис во тековната состојба при Централен регистер на новото Решение издадено на 27.07.2023 година за давање на дозвола за вршење работа во социјалната заштита од 5 години, на ден 13.10.2020 година беше одржано Годишното Собрание и беа донесени одлуки за упис на Решението, промена на социјалната услуга од привремен во дневен престој како и за избор на раководители на двете подружници. На првата подружница: Дневен центар за деца на улица кој обезбедува социјална услуга – дневен престој за деца во ризик (деца на улица) беше избрана Ирена Велкоска и на втората подружница: Центар за социјална и правна, Центар за детска правда „Малиот голем човек, кој дава социјална и правна заштита на децата и нивните родители беше избрана Весна Стефановска.

За подобрување на состојбата и меѓусебната координација во постапување помеѓу институциите и нивните одговорности во однос на децата на улица се ревидираше Мултидисциплинарниот протокол од 2010 година со Протокол за меѓусекторска соработка за постапување со деца на улица во чија изработка имавме и активен придонес. Истиот беше усвоен од страна на Владата и беше промовиран на 20-ти март 2023 година. Како претставник на Здружението за заштита на правата на детето, Ирена Велкоска имаше свое излагање и презентирање на долгогодишната успешна работа на ЗПД и Дневниот центар. Протоколот беше презентиран и од страна на министерката г-ѓа Јованка Тренчевска заедно со министерот за внатрешни работи, г-дин Оливер Спасовски, Амбасадорот на Норвешка во Србија, Македонија и Црна Гора, Јорн Јелстад и постојан претставник на УНДП, Армен Григорјан.

Во месец јули, ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје, како установа надлежна да врши следење, истражување и анализа на социјалните појави и проблеми, како и надзор над стручната работа, согласно својата Програма за работа за 2023 година, беше спроведен надзор над стручната работа на здружението за Заштита на правата на детето како овластен давател на социјална услуга во заедница-услуга на дневен престој на деца во ризик-деца на улица беше изготви Ивештај од спроведен надзор над стручна работа на Дневниот Центар за деца на улица.

Претставници на здружението активно учество имаа во Националното координативно тело за превенција и заштита на деца од насилство при Министерството за труд и социјална политка и дадоа придонес во подготовките на Акцискиот план за спроведување на Национална стратегија за превенција и заштита на децата од сите видови на насилство.

Исто така, активно учество имавме и во подоготовка и воспоставување на Национален Акциски План (НАП) за правата на детето, преку Проект „Поддршка на ЕУ за владеење на правото- Rule od Low како и учество на младинците во детската работлница.

Во месец јули бевме посетени од страна на заменик правобранител г-ѓа Васка Бајрамовска-Мустафа и г-ѓа Албена Исмаили од одделението за заштита на правата на детето со цел да се спроведат истражувања за состојбата и причините од питачење на децата со нивните семејства. Се организираа 2 фокус групи со деца и родители и се обави разговор со тимот за улогата, работата и активностите на Дневниот центар.

Со голема тага и неверување ја примивме веста дека 19 годишниот Мемет Камбер кој од 20.05.2023 година беше примен на Карил клиниката не успеа да се избори за живот и починува од немерлива гликемија во крвта, на 24.05.2023 година. Мемет беше дете евидентирано на улица, без родителска грижа и надзор, без лична документација и растеше со силна поддршка

на Дневниот центар и зрееше како продавач на „Лице в лице“. Првиот извод на родени, со прикажување на тетката како мајка во изводот, го добива на 29.11.2013 година. Но му недостауваше еден друг документ – лична карта за која премногу сонуваше и тежнеше да ја има. Неговата смрт ги разбранува сите можни адреси во земјата каде може да биде запишана одговорноста за пропустот кој чинеше живот. На ден 14.06.2023 во Ссбрание се носат измените на Законот за матична евиденција. Тука е и Валнтин Ракип кој и тој израсна во Дневниот центар и по половина година по смрта на неговиот другар добива прва лична карта.

Оваа година ја одбележавме и 25-годишна работа на Здружението и 17 годишната работа на Дневниот центар за деца на улица. Денес неизмерно се гордееме со она што го оставаме како наше досегашно работење. Сеќавања за почетоците на здружението и на дневниот центар, нашата приказна, предизвиците, научените лекции и најважните достигнувања собрани на едно место – во спомен сликите посветени на изминатите 25 години, да се потсетиме на успесите и да се заложиме и понатаму да придонесуваме за подобар свет во кој сите деца ќе можат да ги уживаат своите права.

Продолжуваме посветени на приоритети, ја заокруживме годината свесни дека нашата мисија продолжува и дека во годините што следат нашата одговорност кон децата сѐ повеќе се зголемува.

На крај сакаме да им се заблагодариме на сите наши членови, соработници и донатори кои ни помогнаа да ја пребродиме (и) оваа кризна година, кои веруваа во нашите заложби за остварувањето на мисијата на здружението за Заштита на правата на детето, придонесувајќи за подобрување на состојбата и заштитата на ранливите деца..Заслужни за нашиот развој и добри резултати беа постигнати од страна на нашите долгогодишни партнери: Министерството за труд и социјална политика, граѓанските организации но и од граѓаните кој несебично донираа за семејствата (храна, покуќнина, облека, обувки, прекривки итн.).

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО ТЕКОТ НА 2022 ГОДИНА

За непреченото работење на Дневниот центар, што е од особена важност за негова одржливост, финасиска поддршка имавме од буџетот на **Министерството за труд и социјална политика, Дневниот центар за деца на улица како овластен лиценциран давател на социјална услуга: Дневен престој за деца во ризик – деца на улица ја добива финансиската поддршка за 24 корисници за период од 01.01.2023 г. до 12.08.2023 година и од 17.08.2023 до 31.12.2023 година. Корисниците се упатувани со Решение од страна на надлежниот центар за социјална работа од 01.01.2023 година и за кои Министерството за труд и социјална политика исплаќа месечен износ од 17.207 денари по корисник за услугата**.

Меѓународен проект „Повторно будење на зедницата: Алатки и техники за издржлива и инклузивна младина “ при Еразмус+ програма на Европска Унија преку Националната Агенција од Република Чешка „Центар за меѓународна соработка“ со времетрање од 01.10.2022-31.08.2025 година како координатор и следните три организации како партнери Arbeitskreis Ostviertel e.V од Германија, Центар за одржлив развој „ЕЛИПСА“ Куманово и Заштита на правата на детето. Главната цел на проектот е да се подобри комуникацијата и поврзувањето на локалните младински заедници со мигрантските заедници користејќи креативни неформални алатки и техники за нивна интеграција, вклучување и издржливост, и стратешко партнество со цел да ги зајакнеме мигрантските заедници и организации во градењето ангжаирани и инклузивни локални заедници засновани на заеднички вреднсти. Активностите на проектот се засноваат на: Истражување во секоја земја-партнер за решавање на потребите на целната група преку продонес во локалните политики за интеграција за млади мигранти, бегалци или повратници. Реализирани се 3 работни средби/состаноци со граѓански организации за вмрежување и јакнење на организацискиот капаците, 4 работилници со Роми повратници, 2 фокус групи со претставници од институции, граѓански организации, 85 интервјуа со повратници

и интернационална студиска посета во градот Минстер, Р.Германија во период од 27.11 до 01.12.2023 година.

Од страна АД Комерицијална банка беа донирани 30.000 денари за техничка и дидактичка опрема и од МЦМС - Академија на млади лидери за развој на младински акции и иницијативи во заедницата од 01.12.2023-31.12.2023 година, со буџет 110.000 денари со ангажирање/вклучување на 8 средношколци/волонтери од СУГС „Шаип Јусуф“ за придонес на заедницата преку активностите на Дневниот центар за деца на улица, како директна поддршка на децата корисници. Активностите се однесуваат на подигање на здравствено – хигиенската култура со донација на хигиенски средства, обезбедена инвентер клима и телевизор за непречено спроведување на едукативни, креативни и културни активности со децата во Дневниот центар и реализирана предновогодишна активност/забава со дечињата кои ги добиваат услугите.

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

**Во текот на 2023 година** работевме со 24 деца, деца на улица, на возраст од 04-14 години и истите ги користеја услугите на дневно згрижување, индивидуални активности за социо-емоционалниот развој, стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни, едукација и образовна поддршка на децата и психосоцијална поддршка на нивните семејства беа вклучени во секојдневните активности. Преку активностите децата го доразвиваат когнитивниот, моторниот и социоемоционален развој, а можноста за тимска работа, другарување и јакнење на социјалните вештини добиваа преку секојдневните слободни активности, како играњето на друштвени игри, активности со натпреварувачки карактер, заедничко гледање на анимирани детски филмови итн.

Учебната 2022/2023 година од вклучени 9 деца во првото одделение во ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ го завршуваат 3 деца. По престојот во Дневниот центар, децата чисти, уредни и со школска опрема и прибор се испраќаат на училиште, па дел од нив наместо да продолжат кон училиштето тие се враќаат во нивните домови. Родителите на децата кај кои што се случува ваква појава го оправдуваат нивниот однос кон училиштето бидејќи истите немаат авторитет и влијание врз децата, покажуваат непослушност, а и родителите пак, образовниот процес го гледаат како тешка обврска. Во текот на школската година, во повеќе наврати беше контактирана педагошката служба при ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ за децата кои редовно не ја посетуваат училишната настава како и посочено местото на живеење за да излезат на увид и обават разговор со родителите.

Учебната 2023/2024 година запишани се 9 првачиња кои заедно со нивните родители беа придружувани до релевантните здравствени установи за добивање на соодветната документација за упис во прво одделение како и до училиштето ООУ„Браќа Рамиз Хамид“. Со поддршка на МТПС на сите 18 училишни деца им беше даден комплет училишен прибор и ранец.

Преку проектот Среќно лето 2023, летниот камп на Копар, Словенија кој се одржа во период од 07-13.07.2023 г. со поддршка на Ротари Клуб Скопје Север заедно со збратимениот клуб Rotary klub Koper Academia Litoralis од Словенија, преку кој 12 дечиња од семејства во социјален ризик од Македонија заминаа на 7 дневно летување во Словенија со поддршка на Проект Среќа и Дневниот центар за деца на улица. Дечињата од двете групи, 6 од Дневниот центар и 6 од Проект Среќа ова им беше прво и незаборавно летување на море и истите придружувани од Ирена Велкоска и Александра Лозаноска кои заедно со волонтерите од Словенија ги спроведуваа тамошните предвидени активности.

**Податоци за бројот на децата по пол и возраст за 2023 година**

| Возраст/ Пол | 5 год | 6 год | 7 год. | 8 год. | 9 год. | 10 год. | 11 год. | 12 год. | 13 год | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 4 | 4 | 2 | 3 | 1 | / | 1 | 1 | 1 | **17** |
| Женски | 1 | 2 | 2 | / | / | 1 | 1 | / | / | **7** |
| Вкупно | 5 | 6 | 4 | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | **24** |

Работиме со 14 семејствата кои преку секојдневни разговори во просториите на Дневниот центар и теренски активности-посета на домот, се јакнат родителските капацитети за поквалитетно и навремено да реагираат на детските потреби. Покрај индивидуалната психосоцијалната поддршка се работеше и преку работилници и родителски средби. Секојдневно се водат разговори со родителите да не ги носат децата на питачење и тимот реагира навремено укажувајќи им ги законските рамки за злоупотреба на детскиот труд, нивните одговорности како родители и правата на детето, мотивациони разговори за важноста на образованието. Се остварува упатување, советувања и помош во пополнување на формулари од документи во врска со остварување на здравствени, социјални и други права и услуги. вклучување на родителите во активните програми и мерки за вработување и услугите кои ги нуди пазарот на трудот. Во зависност од здравствените проблеми, децата со членовите од семејството се упатуваат и придружуваат до Поликлиника Шуто Оризари на кои им беше потребна лекарска помош, особено оние семејства кои немаат лична документација. Покрај индивидуалната работа и поддршка на семејствата, редовно се помогнати преку донација со топла облека, обувки и храна преку Црвен Крст на Град Скопје, Првиот Скопски Извиднички Одред (ПСИО), Сорсико и индивидуални граѓани.

Во насока на јакнење на ромските жени на ден 26.09.2023 г. беше одржана работилница во просториите на Дневниот Центар за деца на улица со 10 жени од семејствата со кои работиме од страна на Ромска Асоцијација за жени и млади „Лулуди" за „Поддршка на жените и девојки Ромки во спречување на родово базираното насилство" чија општата цел на проектот кој го спроведуваат е придонес за намалување на родовото насилство кај младите девојки и жени од ромската заедница и другите маргинализирани групи и подобрување на нивниот пристап до услуги и механизми за заштита. Работилницата ја водеа социјален работник од ЦСР Шуто Оризари и психолог од нво Лулуди.

Додека на 28.09.2023 година се одржа работилница за здравствена едукација на 20 жени ромки со цел информирање на семејствата со кои работиме за рано откривање на рак на дојка, рак на матка, на дебелото црево и простата организирана од страна на Организацијата на жени турчинки „Дејра" во соработка со ЈЗУ Здравствен дом - Скопје. Работилницата ја водеа д-р Дојчиновска-радиолог од Поликлиниката во Чаир и д-р Дејан Алексов, матичен лекар во Поликлиниката во Шуто Оризари а беа присутни и претставници од Секторот за соработка со нво од Град Скопје.

На деветчленото семејство Камбер, од кои само три деца имаат Решение за дневен престој во Дневниот центар, иако се сите деца на улица, поради немање на Извод на родени на 4-те деца, во месец јули семејството беше придружувано до институциите за вадење на потребната документација за дополнителен упис во Матичната книга на родени, а произлезените трошоци беа платени од страна на координаторот и социјалниот работник од Дневниот центар.

**Број на членови во семејството**

| Број на членови во семејството (основно семејство) | 4 члена | 5 члена | 6 члена | 7 члена | 8 члена | 9 члена | 10 члена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно 14 семејства | 3 | 4 | 1 | 2 | | 3 | 1 |

**Корисници на парична помош**

| Вид на право | Гарантирана минимална полош | Родителски додаток за трето дете | Родителски додаток за самохрана мајка | Не остваруваат социјални права |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно 14 семејства | 6 | 3 | 1 | 4 |

**Соработката**:

Соработуваме на локално ниво со институции и граѓански здруженија и тоа со ЈУ-МЦСР на град Скопје, Центарот за социјална работа-Служба за права и услуги на подрачје на општина Шуто Оризари, двете основни општински училишта „26 Јули„ и „Браќа рамиз Хамид", Поликлиника - Здравствен дом Шуто Оризари, ГО кои работат на територи на Ш.Оризари и пошироко а во интерес на корисниците.

- **МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

Превенирани и спречени 2 малолетнички заедници

- **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Во текот на целата година стручниот тим превенираше во спречување на сите аспекти на семејното насилство особено за деца жртви од насилство. Најчестите застепени насилства се однесуваа на психичко и емоционално малтерирање, насилнички закани и физички насилства кои родителите често ги користат како дисциплински мерки со кои се обидуваат да го наметнат авторитетот, но и за деца жртви на најтешки форми на злоупотреба на детскиот труд, з апуштање и малтертирање на малолетно дете од страна на родителот.

- **НАДЗОР НА РОДИТЕЛСКО ПРАВО ОД СТРАНА НА ЈУ-МЦСР НА ГРАД СКОПЈЕ**

И оваа година се спроведува превентивна активност односно се врши надзор над родителското право на две семејства чии деца биле затекнати на питачење од страна на ЈУ-МЦСР на град Скопје.

- **ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА**

Во однос на здравствената состојбата на децата и семејствата освен кожните инфекции не се бележат сериозни здравствени нарушувања.

- **ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во текот на годината работевме на нивна поддршка во ублажување на сиромаштијата преку зголемување на вработеноста кај семејствата.

И оваа година во соработка со фирмата за хигиена и чистење „Центар чист“, беа работно ангажирани 2 мајки.

Помош и поддршка во административно-техничката документација за обновување и/или аплицирање за гарантирана минимална помош, детски и образовен додаток и советувања добија 3 **с**емејства**.**

Се работеше и на работна интеграција, структуиран животен стил на нашите 12 младинци-продавачи на уличното списание *Лице в лице*. Градевме релација за силна мотивација и поддршка во целиот просец, подготовка на работна средина за поуспешен влез на пазарот на трудот.

- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ**

Оваа година се одбелележа: „Осми Март, 1-ви Април-денот на шегата, Меѓународниот ден на Ромите 8-ми Април, 12 Април – Меѓународниот ден за деца на улица, Детска недела (грижа за здраво, радосно и безгрижно детство во текот на годината беше можност да ја покажеме токму оваа недела) и 20 Ноември - Светски ден на детето.

Преку мотото „Улицата НЕ Е И НЕ СМЕЕ да биде дом на ниту едно дете”, преку цртежи и пораки го одбележавме Меѓународниот ден за деца на улица кој прв пат беше меѓународно одбележан на 12 април 2011 година од страна на Конзорциумот за деца на улица (GSC), една од водечките меѓународни мрежи за остварување на правата на децата на улица во светот. Истиот ден, Прва детска амбасада Меѓаши, по повод 12-ти Април Меѓународниот ден на децата на улица, заедно со нивната партнерска организација SIEC Macedonia и со неколку волонтери од средните училишта, го посетија Дневен Центар за деца на улица. На посетата беше присутна и сопругата на Амбасадорот на Словачка, која се запозна со активностит на Дневниот центар

.**Членови на Комитетот на ЗПД го сочинуваат:**

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, претседател на ЗПД;

Проф.д-р Весна Стефановска, професор на Факултетот за безбедност, потпретседател на ЗПД

Ирена Велкоска, Генерален секретар на ЗПД и член Извршниот комитет на ЗПД

Томислав Ортаковски, член на Извршниот комитет на ЗПД

Ана Панчева, член на Извршниот комитет на ЗПД

**Тимот на Дневниот центар за деца на улица:**

Ирена Велкоска, координатор и едукатор;
Василка Јовановска, дипл.социјален работник;
Александра Лозаноска, проф. по предучилишно воспитание и воспитувач
Андријана Славковска, дипл. педагог од 08.08.2022 до 31.12.2023 година
Анета Смилевска, неговател од 08.08.2022 година
Милка Ѓурчинова Додеваска, хигиеничар

**Волонтери**

Преку Волонтерски центар Скопје, беа вклучени шест волонтери во креативните и слободните активности со децата од Полска, Германија, Франција и Белгија.

**Претседател на Здружението на граѓани**

**Заштита на правата на детето**

проф.д-р Оливер Бачановиќ

---------------------------------------------

Скопје